NSW HEALTH

*Информативен лист за заразни болести*

# Хепатитис А

***Хепатитис А е вирусна инфекција на црниот дроб. Вирусот се пренесува по фекалоорален пат, вклучувајќи заразена храна или вода или со директен контакт со заразено лице. Инфекцијата се спречува со вакцинирање и добра хигиена.***

**Последна преработка:** 3ти декември 2007

## Што е хепатитс А?

'Хепатитис' е воспаление или отекување на црниот дроб. Причинители може да бидат хемикалии, лекови или дрога, или различни видови на вирусни инфекции. Еден од честите причинители на заразен хепатитис е хепатитис А вирусот. Инфекцијата со еден вид на хептитис вирус НЕ штити од инфекција со други хепатитис вируси.

## Кои се симптомите?

Симптомите вклучуваат чувство на болест, болки, покачена температура, гадење, губење на апетит, непријатно чувство во стомакот, проследено со темна урина, блед измет и жолтица (пожолтување на очните јаболкца и кожата). Болеста обично трае една до три недели (иако некои симптоми може подолго да потраат) и скоро секогаш болниот целосно оздравува. Малите деца кои се заразени со болеста обично немаат никакви симптоми. Хепатитисот А НЕ предизвикува долгорочно заболување на црниот дроб и смртните случаи предизвикани од хепатитис А се многу ретки. Периодот од контактот со вирусот до појавата на симптомите обично изнесува четири недели, меѓутоа може да варира од две до седум недели.

## Како се пренесува болеста?

Заразените лица може да им го пренесат вирусот на други лица во периодот од две недели пред да се појават симптомите до една недела откако ќе се појави жолтица (вкупно во период од околу три недели). Вирусот се наоѓа во голема концентрација во изметот на заразеното лице во периодот кога тој/таа е заразен/а. Вирусот може да преживее неколку недели во погодни услови во надворешна средина (на пример, во отпадна вода).

Хепатитисот А обично се пренесува кога вирусот од заразеното лице се прима со голтање и тоа со:

- јадење на загадена храна
- пиење на загадена вода
- ракување со пелени, постелнина и крпи извалкани со измет од заразено лице
- директен контакт (вклучувајќи сексуален контакт) со заразено лице.

**Утврдено е дека изворот на пријавените појави на хептитис А доаѓа од:**

- пренесување на болеста со лични контакти, вклучувајќи контакти меѓу мажи кои имаат сексуални односи со мажи
- пиење вода загадена со отпадна вода
- јадење храна која е загадена со отпадна вода, на пример, ракови и школки
- јадење храна загадена од страна на заразно лице кое ракувало со неа.

Заразувањето со хепатитис А продолжува да биде проблем за лицата кои патуваат во странство, посебно лицата кои посетуваат земји во развој каде хепатитисот А често се јавува.

## Кој е изложен на опасност?

Лицата кои не прележале хепатитис А и кои не примиле вакцина против болеста се изложени на опасност да се заразат.

## Како се спречува болеста?

**Вакцинирање**
Против хепатитис А постои безбедна и ефикасна вакцина. На вакцината може да и требаат до две недели да почне да делува и да обезбеди заштита од болеста.

Вакцинирање им се препорачува на следните групи на луѓе кои се изложени на поголема опасност од болеста:

- лица кои патуваат во земји каде хепатитисот А често се јавува (повеќето земји во развој)
- чести посетители на абориџински заедници кои живеат во внатрешноста или во зафрлените предели
- мажи кои имаат сексуални односи со мажи
- лица кои работат во установи за дневен престој на деца и претшколски установи
- интелектуално онеспособени лица и нивните негуватели
- некои здравствени работници кои работат во или со абориџински заедници
- работници во канализација
- водоводџии
- интравенски корисници на дрога
- пациенти со хронично заболување на црниот дроб
- лица кои имаат хемофилија и кои можеби примаат концентрати на собрана плазма.

**Што може нешто друго да се направи за да се избегне заболување од хепатитис А?**
Луѓето треба секогаш темелно да ги мијат рацете со сапун и протечна вода (од чешма) најмалку 10 секунди и да ги бришат со чиста крпа:

- после одење во клозет
- пред јадење
- пред приготвување на храна или пијалок
- после ракување со работи, на пример, пелени и кондоми.

**Што може да се направи за да се избегне да се заразат други лица?**
Ако имате хепатитис А, покрај темелно миење на рацете, треба да ги избегнувате следните активности додека сте заразни (што значи најмалку една недела откако ќе се појави жолтица):

- НЕ приготвувајте храна или пијалоци за други лица
- НЕ користете ист прибор за јадење или пиење со други лица
- НЕ користете иста постелнина и крпи за бришење со други лица
- откажете се од секс
- мијте го приборот за јадење во сапунеста вода и перете ги постелнината и крпите во машина.

**Долунаведените лица кои имаат хепатитис А не треба да одат на работа или училиште додека се заразни:**

- лица кои работат со храна или пијалоци
- лица чија работа вклучува блиски лични контакти со други, на пример, негуватели на деца и здравствени работници
- персоналот, децата и младинците не треба да одат во установите за дневен престој на деца или училиште додека се заразни
- пред да се вратат на работа или училиште, сите пациенти треба да проверат со нивниот доктор дали тоа е во ред.

## Како се поставува дијагноза?

Дијагнозата се поставува врз основа на симптомите на пациентот и се потврдува со крвна слика која покажува присуство на ИгМ антитела против хепатитис А.

## Како се лекува болеста?

Не постои посебно лекување за хепатитис А. Лицата од домаќинството со кои заразеното лице било во контакт и неговите/нејзините сексуални партнери обично треба да примат инекција со имуноглобулин. Инекцијата може да ја спречи или намали болеста ако се прими во рок од две недели од контактот со заразеното лице.

## Како реагира здравството?

- Докторите, болниците и лабораториите мора во доверливост да ги пријават случаите на хепатитис А во локалната државна служба за здравство.

- Персоналот на државната служба за здравство ќе работи со докторот, пациентот или семејството на пациентот за да ги идентификуваат лицата кои биле во близок контакт со пациентот и кои се изложени на опасност да се заразат и ќе организира лицата што се изложени на опасност да добијат информации за болеста. Персоналот на државната служба за здравство се придржува до посебни упатства за контролирање на случаи на хепатитис А кај луѓе кои посетуваат или работат во центри за дневен престој на деца и кај луѓе кои ракуваат со храна која е за продажба.

Персоналот на државната служба за здравство исто така го испитува избивањето на епидемии на хепатитис А со цел да ја утврди причината за појавата на епидемијата, да го контролира ширењето на болеста и да спречува појава на понатамошни случаи.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |